ГАВРО ПАНОВСКИ - ЈУНОША
ПЕТАР ЛУТОСКИ - МАЛЧИК

СЗБ од НОВ - Ресен
18.07.1987 г.

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ
Социјалистичка Република Македонија
Општински одбор
РЕСЕН

# ОД ОВЧАР ДО ПОЛКОВОДЕЦ

## Воведни белешки

Ние двајцата автори на овој напис, како ученици во тогашен VII клас на Битолската гимназија (учебна 1941/42 година) и како пред-воени скоевци, се пријавивме во почетокот на февруари 1942 година за заминување во партизани. Меѓутоа, дотогаш уште немаше формирано никакви пар-тизански единици во Битолско-преспанскиот регион и желбата ни се исполни дури кон средината на месец јуни 1942 година, кога, напуштајќи го у-чилиштето станавме први партизани од учениците на Гимназијата. По парти-занскиот канал се најдовме во Првата битолска партизанска група, форми-рана по епопејата на Првиот битолски НОПО "Пелистер", која се смести привремено во базата Рамнината на огранофите на планина Бигла, во атарот на село Лера, Битолско, од кое беше подржувана со храна, врски, информа-ции и други потреби.

Во оваа шесточлена веќе вооружена група, покрај нас двајцата, што како најмлади ги добивме псевдонимите Јуноша и Малчик, беа и другарите: Пецо Божиновски - Кочо (народен херој), Стеван Наумов - Ладе (Стив, на-роден херој), Тодор Ангелевски - Строгов и Трајан Белев - Гоце.

Пред крајот на месецот дојде во групата месниот водич Киро Мате-јовски од село Смилево, Демирхисарско и ја поведе до врвот Голем Камен на Бигла, под кој се распоредени селата Гопеш, Сопотско и Златари. Та-му ја прифати друг месен водич - Вангел Пупалевски од село Златари, Ре-сенско и ја поведе на север по патеката на гребенот на планината. Кога дојдовме кај Станицата (разурната жандармериска станица од времето на кралството Југославија) се заменавме со Првата преспанска вооружена пар-тизанска група од осум борци. Беше доцна вечерта, во недела на 28 јуни т.г., на Видовден.

Во преспанската група беа следните борци: Ѓоре Велкоски - Косте, И-лија Игески - Цветан (народен херој), Илија Спировски - Панде Мустак...

ЗДРУЖЕНИЕ НА БОРЦИТЕ ... РЕСЕН

Јосиф Јосифовски - Ѓорче Свештарот (народен херој), Кросте Соколовски - - Јордан Пиперката, Митре Трајчевски - Васил Старејко, Наум Веслиевски - - Ѓорѓи Овчарот и Славе Илиевски - Стево.

На тој начин, од тие две групи, по нивното фузирање, направивме една потолема заедничка партизанска група, како јадро за формирање нов партизански одред во регионот, при што беа задолжени одговорни лица: Свештарот по политичка линија, Косте по воена и Панде Мустакот по партиска.

При таа прва средба на двете групи, на Бигла, се поздравивме и запознавме сите меѓусебно, па и со Овчарот, кое познанство ќе потрае преку 30 години, сѐ до неговата смрт во декември 1972 година.

Од првото среќавање и запознавање со него навидум немаме ништо посебно за одбележување. Тој ни изгледаше обичен борец во бугарска војничка униформа, какви што ни изгледаа и Пиперката, Старејко и Стево, зашто сите четворица беа во истоветна облека, како поранешни војници регрути во бугарската војска, од која дезертирале пролетоска, кога биле на второ осуство и станале илегалци па и партизани.

Нашиве кажувања за Овчарот се чисто сеќавања од деновите на НОБ и Револуцијата, главно за време на втората половина на 1942 година, во кој период бевме заедно со него како партизани. Нештата за кои зборуваме за Овчарот и други настани се лично доживеани, онака како што сме ги виделе и запамтиле, колку е можно пообјективно, без никакви додавања или одземања. Се разбира пропусти и заборавени работи ќе има и тука, зашто од тогаш измина близу половина век.

Накусо, тука ќе стане збор за:

- Формирањето на одредот "Даме Груев" и Овчарот;
- Првата акција на Одредот и Овчарот; - Овчарот како к-нт на Одредо
- Овчарот и нападот врз Бугарите во Кажани;
- Овчарот и бугарската заседа на река Шемница;
- Овчарот и пробивот низ бугарска блокада;
- Овчарот и Свештарот во периодот на изолација на Одредот и
- Акцијата во село Сопотско и Овчарот.

1. Формирање на одредот "Даме Груев" и Овчарот

Уште пред да формираме одред, во тоа меѓувреме, забележавме дека Ов

ЗДРУЖЕНИЕ НА БОРЦИТЕ ОД НОВ... Социјалистичка Република Македонија ... Општински одбор ... РЕСЕН

чарот сепак се разликуваше од своите другари во еднаква униформа. Тој некако беше позаинтересиран меѓу сите нив, особено за воената наука и начинот на партизанското војување, за кое располагавме со малку печатен материјал, но исто така и за своето лично политичко и културно воздигање. Беше мошне заинтересиран за самостојно читање на воени карти - секции, со какви располагаше Строгов, за нивно практично споредување со теренот на лице место, за нивниот размер и мерење на растојанија по нив со курвиметар, за практична употреба на компас и многуте начини на ориентација.

Кога се читаа книгите "Мајка" од Максим Горки и "Како се калеше челикот" од Н.Островски, тој внимателно слушаше, со отворена уста, про сто како да го голташе чуеното. Од две други книги никако не можеше да се одлепи, со нив дури и спиеше: книгата за дивизискиот командант Васја Чапаев, кој му служеше како идол и речникот на интернационални изрази и зборови, од кои катадневно научуваше по неколку и наученото го проверуваше преку неписмените борци и раководители.

Тој беше како поотскоклив од другите другари, беше позаинтересиран и постојано на штрек. Беше отресит и снаодлив како видра.

Кога дојдоа уште тројца нови борци од Битола, Одредот е формиран на Бигла од вкупно 14 борци, на 6 јули т.г., кога зедовме заклетва. Наскоро дојдоа од Битола уште тројца нови борци и конечно станаа 17 борци. Тогаш Овчарот беше именуван за заменик на командантот на Одредот, на која должност се задржа преку месец дена. Со тоа му беше оддадено јавно признание за неговите напори и залагањето на воено-политичко и културно поле, што ќе рече дека таквиот негов избор не беше случаен. Малку пред тоа била формирана партиска ќелија на Одредот од 6 члена, меѓу кои петмина во Штабот на истиот и еден десетар.

Доколку допреше до нас некој весник од дневниот и периодичен печат, Овчарот редовно ги прегледуваше и љубоморно ги чуваше. Исто така и "Шумскиот весник" на Одредот. За Овчарот, по изглед, може да се каже физички беше правилно граден: висок, калеш, личен, со правилно лице и

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ ... публика Македонија ... одбор ... РЕСЕН

костенливи очи и коса. Беше и доста апетитлија на тие млади години. Беше многу вешт и буден младеж, како мачка. Многу добро го познаваше теренот, имаше смисла за правилна ориентација и се обидуваше правилно да ги разбере и оцени луѓето со кои доаѓаше во допир, било во Одредот или вон од него. Со ваквите напори и заинтересираност што ги вложуваше Овчарот на сите развојни полиња, тој сигурно имаше и редица потешкотии, како на пр. неговата релативна младост и недоволната училишна наобразба, следователно и недоволното револуционерно искуство. Меѓутоа, тој не само што не се жалеше на личните потешкотии, ами постојано ги куражеше своите другари, измислувајќи разни смешки и занимавки.

2. Првата акција на Одредот и Овчарот

Се добиваше општ впечаток дека Одредот беше формиран под превезот на најстрога тајност и конспирација, такашто окупаторот воопшто не го насети раздвижувањето на илегалци и нивното вооружување. Месец јули го поминавме во интензивни воено-политички подготовки за јавен настап пред населението и отворено вооружено судрување со окупаторот. Овој временски период Одредот го помина во неколку тајни, законспирирани бази на двете страни на Бигла, во атарот на селата Златари, Сопотско и Гопеш, подржуван главно преку организираните другари од првите две села.

Вечерта, спроед Илинден, веќе марширавме по врвиците на Бигла кон село Смилево, Демирхисарско, каде стигнавме пред утринските мугри. Ја поставивме бројната стража, со помош на месниот водич Киро Матлијовски, определивме патрола за врски и останатите навлеговме во селото, ликвидирајќи ја општинската архива и извршувајќи други задачи.

За време на оваа акција, која беше примерно планирана и перфектно извршена, Овчарот доби едно од најтешките, најодговорните и најделикатните задолженија. Командантот Косте и тројцата присутни членови на Окружниот оперативен штаб - Битола, имаа неограничено доверие во него, па го задолжија со единствениот пушкомитролез, пом.пуш-

комитролезецот Стево и уште некој од другарите да држат пусија на единствениот пристапен пат за моторни возила кај црквичето и гробиштата под селото и до втора наредба да го бранат по секоја цена доколку наидат Бугари. Никому да не допушти излез од селото во тој правец. Благовремено да го извести Штабот на Одредот во селото доколку се приближат очекуваните бугарски илинденски "конгресмени" и се подготви за одлучен судир со евентуалното нивно вооружено обезбедување и придружба.

Меѓутоа, очекуваните Бугари и нивни тукашни придружници останале во Битола и таму ја направиле фалсификаторската илинденска церемонија, во спомен на Илинден 1903 година. На пладне, пред заминување од селото, Овчарот прошета со пушкомитролезот на рамо низ селото, давајќи и други борци да го пронесат, со цел да се прикаже дека располагаме со доволно автоматско оружје. На околу три часа по нашето заминување, стигнала моторизираната потера, а смилевци им рекле дека "многубројните партизани" располагале со поголем број "митролези", со намера да ги потплашат и деморализираат.

3. Овчарот како командант на Одредот

По повлекувањето од Смилево, Одредот се префрли преку Бигла и меѓу селата Златари и Кривени, кај Чешино навлезе и го мина Ресенско Поле и комплетно се смести за првпат на еден огранок на планината Петрина, лево од патот Ресен - Охрид, малку понајуг од селцето Илино, крај една сива бигорлива водичка, од која пиевме и готвевме. Бугарите ја претресуваа и прочешлуваа Бигла, но на Петрина не дојдоа тогаш. Во базата се задржавме цели две недели, подготвувајќи се за нова акција. Врските и снабдувањето врвеа преку село Болно. Одевме ноќно време, како патроли и ја подземавме храната што ни се оставаше на определени бележити стебла, без да се видиме со другарите што ја донеле, поради конспирација.

Во меѓувреме, командантот Косте, срдечно се прегрна и поздрави со секој борец, кон 10 август т.г. и замина кон Битола, велејќи отворено пред сите дека оди со цел да формира ноз партиз.одред

(поупатените кажуваат дека по месец дена во Давчанско над Битола бил формиран НОПО "Јане Сандански"), а дотогашниот заменик на командантот, Овчарот, веднаш беше именуван за командант на одредот "Даме Груев", на која должност ќе остане до фузијата со новиот одред "Јане Сандански" во пролетта 1943 година. Сега негов заменик стана Пиперката, кој и натаму продолжи да си биде десетар на првата од трите неполни десетини (десетар на втората си остана Цветан, а на третата десетина Бустрик, како што си беа од формирањето на Одредот односно од доаѓањето во партизани на Бустрик).

Се разбира, Овчарот не можеше наеднаш да стане онаков командант и раководител, каков што беше повозрасниот и поискусен Косте, кој беше постар партиец, искусен револуционер и многу пожртвуван борец, раководител и организатор (есента 1941 година Косте бил командант на Првиот прилепски НОПО "Гоце Делчев" што со својот напад на централниот полициски участок во Прилеп ја испука првата востаничка пушка на 11 октомври т.г.). Но се тек на времето, храброста и здобиеното искуство можеби ќе му дорасне ако не го и надмине!

Во ова меѓувреме, се чини, Овчарот бил примен за член на КПЈ (дали пред да стане командант на Одредот или веднаш потоа; главно во базата на Петрина кај Илино).

4. Овчарот и нападот врз Бугарите во селе Кажани

Во средината на август т.г., во една непрозирна врнежлива ноќ, држејќи се еден за друг, Одредот ја напушти Петрина и преку Ресенско Поле, во неможната ориентација и без врската што напразно ја чекавме да нѐ пречека, минавме покрај една воденица, па со надчовечки напори и со помош на повремената краткотрајна светлина од секавиците, се искачивме на стрмолијата Тачи Колено под врвот Голем Камен на Бигла. Маршот успеа благодарение на Овчарот и борците негови соселани. Тие и со заврзани очи можеа исправно да се движат во реонот на Бигла и правилно да се ориентираат! Се задржавме во поранешна база, каде одново се сретнавме со Стив, кој ни доведе двајца нови борци од Битола.

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ Општински одбор на Социјалистичка ... РЕСЕН

Стив нѐ запозна дека Прилепскиот одред, по акцијата на село Плетвар од 13 ов.м., бил подгонет од силна потера. Затоа требало итно да извршиме позначајна акција, за да привлечеме потерата и му ја олесниме положбата на споменатиот одред.

На 18 август т.г., попладне, се запознавме со добиената скица-план на Кажани и бугарските објекти, кои решивме да ги нападнеме на полноќ (поточно така веќе било решено и усогласено со теренските месни организации). Вечерта тргнавме од долејнчка Голема Корија. Патем врнеше, се лизгаше. Овчарот во базата и патем увежбуваше команди за ударните групи и знаци за настапување и повлекување.

Поради присуството и учеството во нападот на Стив (секр.на Окр. К. на КПЈ-Битола, се чини и заменик к-нт на ГШ на НОПОМ, па и политкомесар на Покраинскиот оперативен штаб при ГШ на НОПОМ), некако се најдоа во "сенка" и Овчарот и Свештарот. Конкретно, во ноќниот напад Овчарот ја предводеше ударната група (8 борци сосе него) против полицијата во участокот. Но, кога започна ненадејно борбата кај групата на Стив (7 борци сосе него) против бугарската војска, а не првин со полицијата како што беше планирано, Овчарот се стаписа, зашто најголемиот адут - прв да нападне со групата НЕНАДЕЈНО, дури спијаат, ни беше исфрлен од рацете! И ете чиниш не се снајде најдобро, оти по кратка борба ја повлече својата група. А и кој можеше да се снајде во таа гунгула? Штом откриле Бугарите кај полноќ дека им се исечени телефонските кабли за Битола и Ресен, се поставиле во приправност и будно чекале. На тој начин Одредот го доживеа, како целина и поединечно, своето прво огнено "крштевање", кое како доживеано искуство корисно ќе му послужи понатака. Потерата од Прилепско тргна кон Кажани.

Добро беше што по повлекувањето конечно се собравме сите деветнаесетмина во поранешната база на Рамништа, по извесни перипетии. Немавме жртви ни ранети. Другарите од селата, кои ни помагаа во врска со нападот, се повлекоа по своите села и домови.

Направената анализа на извршениот напад на Кажани ни помогна да се согледаат некои недостатоци на истиот. Очекувавме Овчарот да биде критикуван, зашто брзо се повлече со групата, дури Стив со другата група и по повлекувањето повторно напаѓаше на војската, но до такво нешто не дојде, поради тоа што штом оценил дека сме откриени, а немавме автомати за борба одблизу, поарно сторил што не давал жртви попусто, ами ги сочувал борците за други поповолни прилики, на што секогаш внимаваше и ги избегнуваше залудните жртви. За него човекот - борец беше најважен од сѐ друго, затоа водеше грижлива сметка за зачувување на животите на доверените му луѓе. Сигурно затоа и борците толку многу го ценеа и сакаа, зашто и тој ги почитуваше и сакаше.

Меѓутоа, потерите веќе разврвуваа и околу нас и тешко беше да заминеме понатаму незабележани од нив, а ризично беше и да се остане тука, како зајакот во трнот. Непосредната врска со организацијата во село Лера беше сведена на минимум лица, за посигурна конспирација, но и меѓу нив се најдоа несигурни, поточно во оние што Бугарите почнале да ги затвораат по сомнение, како и во другите блиски села, па ги сослушувале, некои претепувале и барале меѓу нив комунисти и помагачи на партизаните.

Верувале или не, во базата на Рамништа останавме замаскирани цели четири дена, на што и тогаш и сега уште се чудиме. Тогаш раководството сметаше дека не сме откриени, но не било така, ами се кроеле подмолни планови како да биде Одредот уништен, без да дадат жртви Бугарите?

5. Овчарот и бугарската заседа на река Шемница

Бевме доста гладни. Вториот ден каснавме малку леб и сарма, што ни ги донесе овчарот Митре Кендров, момок кај газдата Спиро во селото. Четвртиот ден ни го снема пушкомитролезецот Цана. Го оставил пушкомитролезот потпрен на ранецот и денски заминал, се изгуби. Не смеевме повеќе да останеме тука. Постоеше опасност да биде фатен од потерата и можеби да ја открие местоположбата на базата. Вечерта, во

саботата на 22 август т.г., Овчарот, по наредба на Стив, го построи Одредот и во колона, под закрила на ноќта и шумата, тргнавме внимателно од Рамништа и по патеката на Спорин Дол слеговме во полето кон река Шемница под Дера, кај синорот со село Свиништа, до каде сега досега Стрежевското езеро. Било закажано тука да земеме храна од врската, па да ја минеме реката и наредното утро, во неделата на 23 август т.г., да ја ликвидираме централната селска општина во село Лопатица, крај патот Битола- Демир Хисар, зад тилот на потерата, со што да направиме уште поголема збрка меѓу Бугарите и преку Бигла да заминеме одново на Петрина.

На закажаното место, врската за храна не се одзиваше на дадениот знак. Што ќе биде сега ова? Дали не можеле да донесат од самите потери или можеби е предавство? Внимателно, решивме да заминеме кон Лопатица без храна. Таман почнаа првите да се префрлаат преку река по месечевата светлина, наблизу заштракаа митролези и автомати од заседа! Пишман се сторивме што не се вративме на Бигла и понатаму во моментот кога затаи врската за храна, ама се стори!

Во неколкуте пукотници што траеја до зори, внимателно се повлекувавме. Бевме растурени на групи и поединци. Преку Бигла се враќавме во базата на Петрина. Кога се собравме конечно ни фалеа петмина. Тие се упатиле за врска кон Битола; меѓу нив само еден ранет. Жртви немавме. Нивните места ги пополнија петмина нови борци од селата Подмочани (четворица) и Грнчари (еден). Утредента еден од новите борци што ги доведоа Свештарот и Цветан, го снема. Неговите другари рекоа дека се разочарал од нашата малубројност; замислувал дека сме цела бригада, а не дваесетина души и се вратил. Тие денови дојде и еден борец, кој дезертирал од италијанската војска, по потекло Словенец. Бројот на борците во Одредот моментално стана стандарден - деветнаесетмина, како и при нападот на Кажани.

Во истата база останавме преку две недели и се подготвувавме за нови акции и дејства. Снабдувањето и врските преку село Болно, колку

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ Социјалистичка Република Македонија Општински одбор РЕСЕН

што можеше беа редовни, но Бугарите не мируваа, постојано беа во движење и го бараа Одредот. Понекогаш другарите од селото не можеа да изнесат храна, па бевме водени од нив на компириштата по компири (на пр. Ламбе Ночовски).

6. Овчарот и пробивот низ бугарска блокада

Провалата со затворање на луѓето од организацијата што го зафати Првиот битолски РК - Ѓаватков, веќе се прошири и на селата во Ресенско. Новиот борец (Крсте Ивковски - Велко) што ја напушти базата можеше евентуално истата да ја провали доколку го фатат Бугарите, а тоа може да го направи и некој од затворените другари од врската, зашто провалата се ширеше и стигна до Болно, до крајното организирано село крај границата.

Во петокот на 11 септември т.г., преку врската што дојде кај Одредот (Живко Вековски од Болно), ни јавија дека постои можност базата да е откриена, зашто Бугарите ја блокираат Петрина со широк кордон, кој наутро може да почнат да го стеснуваат кон базата. Значи тука повеќе не смееме да останеме, но што да се прави сега, веќе сме блокирани или обрачот штотуку се дозатвора околу нас. Ќе мораме со опасен и ризичен бој да се извлекуваме.

Стив беше заминат некаде во околината, како што тоа често и порано го правеше, Словенецот Лео Вогрич-Ико беше уфатен како болен некаде на закрепнување оти не беше во состојба да издржи долг марш какви што правевме. Во Одредот сега бевме седумнаесетмина.

Тројца раководители од Штабот на Одредот (Ѓ.Свештарот, Ѓ.Овчарот и Н.Мустакот) се повлекоа понастрана од базата, да се консултираат и одлучат - што да се прави и како да се спаси Одредот? На две страни имавме стража. Некаде далеку кон Врбица засвире војничка труба од потерата. Лошо ни се претскажуваше и кроеше. Наблизу шобуркаше сива бигорлива вода. Тројцата "големци" се вратија меѓу борците. Кажаа отворено пред сите нас дека постои широка бугарска блокада, која го запоседнува патот Ресен - Охрид и преку Петрина ја затвора

Сојуз на здружениjата на борците од НОВ на Социјалистичка Република Македонија ... СЕН

границата. Тројцата имале различни предлози за извлекување и така останале, не се согласиле меѓусебно. Решиле пред Одредот да ја изложат опасната ситуација и да побараат решение заедно со сите борци. Се бараа од сите нас предлози за излез од кризната состојба. Прв се јави Пиперката со зборовите: "Да ги чуеме прво вашите три различни предлози, потоа ќе се искажеме дали прифаќаме некој од нив, макар и нешто преиначен или ќе даваме нови предлози". Така и бидна.

Најнапред Свештарот го изнесе следниот предлог: "Да ја смениме базата и наблизу да одбереме најгуста шума, каде ќе се развиеме "во стрелци" и убаво ќе се замаскираме, ако треба и со кршење гранки. Кога ќе помине потерата од подножјето нагоре, да не може да нè види и штом ќе замине кон ртот, ние ќе слеземе во претресената шума, ќе им се најдеме зад тилот и на тој начин ќе се спасиме".

Пак се јави Пиперката и остро протестираше против предлогот на политкомесарот, велејќи: "Ѓорче, ти си можеби најспособниот меѓу нас како политички и партиски раководител, како организатор и револуционер, ама од војнички работи слабо се разбираш, зашто не си бил војник во ниедна армија, сем сега во партизаниве. Јас ја завршив војничката обука како регрут во бугарската војска и им ја познавам тактиката и начинот како ги прават блокадите и потерите. Тие вечер и ноќеска нема да мрднат од позициите што ќе ги завземат денски, ами утре наутро ќе го стеснуваат обрачот сè дури се судрат со нас. Велиш да се замаскираме за да нè не откријат, а не кажуваш што ќе правиме ако нè најдат?

Свештарот упаѓа со зборовите: "Тогаш ќе се биеме, па кому опинците - кому објалата!"

Пиперката продолжува: "Ама добро ќе се биеме, туку види колку сме ние, а колку се тие и знаеш како се вооружени. Велиш кога ќе помине кордонот ќе слеземе во претресеното, а не знаеш дека така му одиме на волкот уста, зашто тие не врват само со еден, туку со три кордони, каде последниот сосем прочешлува".

Предлогот на Свештарот никој не го подржа и тој отпадна како таков.

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ ... Република Македонија ... одбор ... РЕСЕН

Потоа, почна Овчарот со следниот свој предлог: "Ние не смееме нов ден да дочекаме на ова место и на оваа блокирана планина, зашто ако останеме тука може да поминеме како одредот "Пелистер" пред четири месеци. Неговото горко и скапо искуство треба да го искористиме на тој начин што нејеска да направиме обид за пробив низ блокадата и на тој начин утре да се најдеме на друга планина надвор од блокадата". Овој предлог сите го прифативме, без никаков приговор и не го дочекавме третиот предлог на П.Мустакот, ами Овчарот веќе командуваше, а ние се построивме за покрет, ја повлековме стражата заедно со врската како местен водич и тргнавме пред мракот. Со засилен и напорен марш по полноќ се најдовме пред запоседнатиот пат Ресен - Охрид, помеѓу селата Избишта и Крушје. Од ивицата на шумата на светлината од месечината, го гледавме патот и непошумените површини од двете негови страни. Ризично беше да се тргне на бришаниот осветлен простор, но друг излез немаше. Мораше да се проба.

Свештарот со шепот предлагаше - така како што сме "во стрелци" да брвнеме сите наеднаш како кози и да го претрчаме патот и голината крај него.

Овчарот не го прифати ваквиот предлог и бараше од Свештарот да го остави сам да одлучува и командува. Ни појасни дека ќе се префрламе само по еден со брзање, а другите ќе му држиме "на готово" обезбедување и ако припукаат Бугарите ќе пукаме и ние на нив и ќе фрламе бомби, според неговите команди што ќе уследат, пробивајќи се со сила.

Тргна првиот, со пушката врака, подведен и со брзање. Го гледаме според месечината. Штама е, а срцата ни тупкаат вознемирено и засилено. Напрегнати сме до крајни граници во тој одлучувачки момент. Се префрли борецот, влезе во шумата преку патот и залегна на нова позиција за евентуално дејство. Чудно, но вистинито: не пукна ништо. Тргна вториот, чукањето на срцата силаана, размислата сосем се избистри и конечно, кога помина последниот, се пребројавме вон

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ
Социјалистичка Република Македонија
Општински одбор
РЕСЕН

од блокадата. Тука сме сите седумнаесетмина. Задоволни си честитаме и го гушкаме Овчарот што нè извлече читави, што се спасивме и сега при една така грижливо подготвувана блокада и клопка. Тоа што бевме гладни, неспани и изморени можеле да се наџивее и пак да им се потсмеваме на залудните потерџии.

Продолживме на Бигла. Се осуна. Накачивме во Кривенско кај Пантоа Река. Сосем се раздени. Капнати од умор и психофизичко напрегање, полегнаа сите и наеднаш заспаа. Малчик, како најмлад, по наредба на Овчарот, остана на стража; се бошкаше со трње за да не заспие.

Утрото Бугарите залудно го стеснија обрачот и ја бомбардираа напуштената и провалена база на Петрина. Таму, се разбира, немаше никого. Меѓутоа, во истиот ден, сабота на 12 т.м., успеаја да ги откријат недалеку од Болно - Стива и Митета и да ги убијат. Жалоста по двајцата тие врвни раководители во регионот и последиците беа тешко минливи!

## 7. Свештарот и Овчарот во периодот на изолација на Одредот

Свештарот беше политичко-партиски раководител, организатор и револуционер од висок дострел. Двајцата се запознале уште пролетоска, како илегалци во Преспа под италијанска окупација. Овчарот имаше среќа, како и сите ние во Одредот, да биде заедно со еден Свештарот, кој умеено да го оцени секој борец и секого да го гради според вистинската можност и потреба. Овчарот не можеше покрај еден прекален и искусен револуционер, каков што беше Ѓорче, да си остане "обичен" овчар. Тој просто мораше под негово влијание и самиот да се револуционизира, а и самиот беше мошне восприемчив на сè она што беше позитивно и корисно како надградба, како прогрес. А Ѓорче беше искусен мајстор за воспитување и подготвување на кадри до саможртва на своите борци, собеседници и другари. Тој просто чинеше од секој човек можеше да направи револуционер, не само од Овчарот кој имаше многу предиспозиции да стане тоа.

Но, сега на Бигла, Одредот остана без врски, изолиран и гладен.

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ
Општински одбор
Социјалистичка Република Македонија
ВЕВЧАНИ

Ваквата состојба траеше четириесетина дена, но тука меѓу нас беа и тие двајцата - Свештарот и Овчарот, со решавачко влијание и голем придонес за одржување на политичкиот морал кај борците на извонредно високо рамниште. Во поглед на исхраната се крпулкавме некако преку одделни сточари и членови на семејствата на борците, при што посебно се истакнуваа борците од соседните села, меѓу кои најмногу Овчарот.

Кога сега го анализираме тој период, ни се чини дека не беше најцелисходно што мизерувавме толку долго законспирирани на Бигла, само за да ги сочуваме некако сопствените голи животи и целоста на Одредот, ами ќе беше далеку покорисно и пореволуционерно да се раздвижевме по други планини и села или да се префрлевме преку недалечната демаркациона линија (граница) и таму да дејствувавме во италијанската окупациона зона во Преспа.

Кон средината на септември т.г. Малчик беше примен за член на КПЈ. Меѓу оние што му го честитаа приемот беше и Овчарот, со кого стана уште поблизок, зашто беа заедно и во партиската организација на Одредот, чиј секретар беше Панде Мустакот.

Еднаш од базата на Ѓрнчи Рид, Јуноша тргна со Овчарот во патрола извидница, зашто Бугарите беа постојано на штрек и често го бараа Одредот, што така ноќта на 11/12 септември т.г. им се изврте низ блокадата од Петрина и замина за нив незнајно каде. Овчарот итро одеше напред, внимавајќи да не ги закача гранките и да не крцкаат сувите трески под нозете; Јуноша исто така внимателно го следеше ,копирајќи го при тоа во однесувањето. Во еден миг, на една тумба, застана Овчарот и со рака му даде знак на Јуноша да мирува и двајцата останаа како приковани. Извидоа како бугарска војска (околу еден вод) се приближува по шумската патека. Набргу се вратија, го известија Одредот и се поставија "во стрелци" за евентуална одбрана доколку бидат откриени. Тогаш Пиперката го грабна пушкомитролезот и зазеде истурена позиција кон патеката, веројатно со цел да отвори стрелба врз

бугарската војска и да уништи дел од неа, а другите да ги натера во бегство, меѓутоа поинаку мислеше Овчарот и кога го виде на истурена позиција, молкум му се доближи, се фрли на него, се зборија, го натисна оти и физички беше појак, му го одзеде пушкомитролезот и го врати кај другите. Бугарската војска одмина понагоре, без да нè забележи и по извесно време ја здогледавме на едно компириште како корне компири. Ние се зачудивме и си помисливме - зарем и тие се толку гладни, па да печат компири?

А Јунош пак се присети за патролата извидница и за однесувањето на Овчарот при тоа, како вешто се движеше и извидуваше, па се присети и за некогашните комити. Си помисли - ако и сега постојат комити, сигурно никој не може да биде покомита од Овчарот!

## 8. Акцијата во село Сопотско и Овчарот

Лекарствата испратени од МК на КПЈ-Битола, преку врската на Белечки Ан, што кон крајот на септември т.г. ги донесе нашата патрола (Шиперката и Малчик),како да не му помогнаа многу на Свештарот. Нему како да му се реактивира поранешната болест на плуќа. Во тие тешки услови за опстанок беше многу заслабнат и физички опаднат. Се опираше на предлогот да замине некаде на закрепнување. Не сакаше да се одвели од Одредот. Најпосле во средината на октомври, по донесената одлука на партиската организација, се повинува и замина преку граница, на лекување и опоравок, но и да се обиде да подготви таму терен каде да се префрли целиот Одред. Го одведе и префрли борецот Косте Кусаковски - Саве од село Подмочани, кој добро го познаваше теренот и погодните гранични премини, па потоа се врати самиот.

Отаде, политкомесар на Одредот стана Панде Мустакот, а негов заменик Малчик. Последниов беше вратен од патролата за Демир Хисар, во која беше заедно со П.Мустакот и В.Старејко, од каде, покрај другото, донесоа известие дека не можеа да се поврзат со Крушевскиот НОПО "Питу Гули", поради настанатата летошна провала (од предадениот борец на Бугарите, Јани Туфа -Димче) и апсењата што уследиле на теренот. Меѓутоа, од сигурен извор дознале дека одредот "Питу Гули"

и покрај прекинатите врски и тешката состојба, самостојно вршел акции, одржувал главно митинзи по селата и се снабдувал со храна, а повремено напаѓал и на окупаторски објекти. После ваквото известие за тој одред и борците на одредот "Даме Груев" беа загреани за слична сопствена активност и дејства, меѓутоа Свештарот се чини мислеше поинаку т.е. сакаше да ги штеди борците, како кадрови за натамошно мобилизаторско дејство и масовизирање на НОД и НОБ, зашто без овој Одред, тешко да можеше друг да се формира во регионот; постоечките кадри ако се изгубеа во борбите уште немаше кој да ги замени! (На ваква размисла доаѓаме и поради тоа што, по кажување на десетарот Виктор Мешулан Бустрик, кога доцна есента последниов се сретнал со Свештарот истиот бил многу лут и ја осудил извршената акција во Сопотско како неисправна).

Но, по една недела од заминувањето на Горче на опоравок, прво партиската ќелија, потоа и Штабот на Одредот одлучија да се направи митинг во село Сопотско, да се при раскринкаат Бугарите како окупатори, да се даде утеха на семејствата на затворените другари од селото и околината, да види населението дека партизаните не се уништени како што трубат Бугарите, а и да се снабдиме со храна, после долгото гладување што го ублажувавме само со компири без сол и со диви плодови.

Одредот дојде во шумата над селото. Пред пладне извидуваше дали е сигурна веста за повлекувањето на бугарската војска од селото во ресенската касарна, што и се потврди на лице место. Попладне започнаа непосредните подготовки за акцијата. Беа определени група за поставување стражи и група за одржување митинг во селото, како и лица за патрола за врски и за собирање храна. Меѓу другото, двајца требаше да одржат говори на сред село - политкомесарот и командантот. Меѓутоа, Овчарот за себе не се согласи. Со шепот рече дека не може да зборува, зашто го боли грлото?! Ова на некои ни се виде чудно от Овчарот порано не се поплака на грлото! Се најде и малку заостанато сало, со кое тој почна да си ја трие гушата. Не бевме сигурни дали

Сојузот на здруженијата на борците од НОВ
Социјалистичка Република Македонија
Општински одбор
Ресен

вистина толку го болеше грлото што да не може да зборува или пак нејќеше да држи говор во тоа на неговото соседно село, каде сите го познаваа од порано, па поради тоа можеше да се забрза интернацијата на неговото семејство (родители, сестри и братот)! Како и да било, по партиска линија му се најде замена и на место него, покрај П.Мустакот по политичка линија говор одржа и десетарот Цветан по воена линија.

Најпосле, кога собиравме храна низ селото, пред да се повлечеме, се судривме со воено-полициската потера од Ресен, која се обиде да нè блокира сосе село, но со бој се пробивме кон шумата и планината, само што на крај село ни загина многу добриот борец и другар Стерја Георгиев-Жорж, кондурациски работник од Битола и партиец. Потоа, Одредот замина во групи; една преку граница и две групи на Бигла од кои по една недела едната со П.Мустакот замина преку граница, а другата со Овчарот остана на Бигла, со тоа што неколцина испрати преку граница, а на Бигла се задржале само тројцата златарци да зимуваат во земјанка, испраќајќи во почетокот на ноември двајца борци кон Битола, таму да се поврзат (Вед и Јунона). Во Преспа се најдоа речи си заедно поголем број од борците на Одредот, па и меѓу нив почна да се размислува како да се понамалат, да се поразделат за полесно презимување, зашто условите за опстанок на цел одред беа отежнати, поради наближувачката зима и самата прехрана. Некои од другарите од задницата почнале да ја откажуваат поддршката, се исплашиле од теророт на окупаторот. Околу нас можеше да се видат како најсигурни и најактивни: Живко Стефановски - Лапте, Лазе Паргоски - Магдевски и Лубин што имаше неколку сестри од кои една Васа, како и други другари од селото Подмочани, кои не ги видовме и секако и од другите села, меѓу кои и Киме Ралевски - Коњскарец, овчар од село Грнчари, кој ни помогна за првобитно поврзување и со храна.

Кон Митровден се донесе решение двајца да се упатат кон Демир Хисар (Малчик и Томе), двајца кон село Грнчари (Слободан и Стево),

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ
Социјалистичка Република Македонија
Општински одбор
РЕСЕН

Бустрик веќе беше заминал да се приклучи на Свештарот, а останатите со П.Мустакот уште се вртеа во колибите на подмочанските лозја и по селските плевни (Цветан, Косте-Саве, Јордан-Калчо, [illegible]дик и Ристо-Мирче) или вкупно деветмина на италијанска окупациона зона и тројца во земјанката на Витка.

Вод и Јунона набргу се вратиле преку Битола со новиот партизански одред "Јане Сандански" во Ливчанско крај Битола. Малчик и Томе привремено се задржаа во една периферна плевна во село Слепче, Демир Хисар, кај врска што ја знаеја од Одредот само Пиперката, Мустакот и Старејко, кои имаа одено таму порано во патроли.

Во почетокот на втората половина на декември т.г., по сеќавање на Малчик, уште немаше заврнато снег, кај него се јавија на јавката Овчарот и Пиперката, да видат како се прибрани со Томета и дали има можност уште некој од нив да се прибере привремено. Плевната не им се допадна зашто немаше сигурна скривница за случај на потреба, а Томе, кој се подразболе во меѓувреме веќе беше заминат илегално за Битола, каде ќе се обиде да се поврзе и евентуално да се опорави. Овчарот беше го фатила капиница и постојано го тераше на гласно кашлање што со мака го задржуваше, па двајцата се повлекоа да преденат на определено место во шумата и наредната вечер да земат храна. Од нив Малчик дозна дека пред еден месец загинал во село Подмочани берецот Косте-Саве, а на граница се предал на Бугарите Ицо-Мирче. Од тоа известие Малчик се осети загрозен за натамошен опстанок, зашто Мирче знаеше дека со Томета заминаа за Демир Хисар и можеше тоа да им го каже на Бугарите. Затоа бараше од Овчарот да го поведат кон земјанката на Витка, но последниот не се согласи, зашто таму не берело повеќе, немале доволно храна (само правеле качамак и каша од пченкарно брашно), било студено и исто како и тука несигурно! Така, наредната вечер ја зедоа храната (главно леб и сирење) и заминаа, без да се јават повторно по десетина дена, кога се поврзале со групата преку граница и заминале таму, поведувајќи го и Стево Кривенчето. Кон село Покрвеник се собрале сите десетмина и заминале за Албанија. Од битолчаните таму остана само Бустрик.